Упатство за пациенти

**CEREBROLYSIN/ЦЕРЕБРОЛИЗИН**

Раствор за инјектирање

**Пред употерба на лекот, внимателно прочитајте го целото упатство**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Доколку имате дополнителни прашања обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Доколку било кое несакано дејство стане сериозно или ако забележите несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме информирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

**Содржина**

1. Што претставува Церебролизин и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да употребите Церебролизин
3. Како да употребувате Церебролизин
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Церебролизин
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЦЕРЕБРОЛИЗИН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

**ЦЕРЕБРОЛИЗИН** е лек кој поволно деува на функциите во мозокот. Делува како природните фактори кои ја подобруваат функцијата на нервните клетки (преку механизмите на заштита и обнова на нервните клетки во централниот нервен систем).

**ЦЕРЕБРОЛИЗИН** е индициран во третманот на:

- Органски, метаболни или невродегенеративни нарушувања во мозокот, особено при состојби на сенилна деменција како последица на Алцхајмерова болест.
- Пост – апоплектички компликации.
- Краниоцеребрални трауми, пост – оперативни трауми, церебрални контузии.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПТРЕБИТЕ ЦЕРЕБРОЛИЗИН

**Не употребувајте Церебролизин** во случај на

- Преосетливост (алергија) на лековите супстанца на некоја од состојките на препаратот
- Епилепсија
- Тешко нарушена бубрежна функција

**Посебно внимание при употреба на Церебролизин**

- Склоност на алергија
- Епилепсија и гранд – мал конвулзии, бидејќи третманот со препаратот може да резултира со зголемена фрекфенција на напади.

**Дали земате друг лек?**

Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако земате/користите или скоро сте земале/користеле други лекови, вклучително и лековите кои можат да се набават без рецепт.

Особено е важно да го известите Вашиот доктор доколку земате антидепресиви или МАО – инхибитори (во случаи препорачливо е дозата на антидепресивот да се намали).

Истовремено во тек на терапијата со Церебролизин можете да примате витамини или кардиоваскуларни лекови, но Вашиот доктор овие лекови не смее да ги стави заедно во шприцот или во инфузијата со лекот.

Церебролизин не треба да се меша во инфузија, со раствори кои содржат аминокиселини.

**Бременост и доење**

Нема податоциза ефектите од примената на лекот во тек на бременост. Поради тоа, кај бремени пациентки Церебролизин треба да се користи само после внимателна процена на односот ризик/полза во консултација со Вашиот доктор.

Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.

**Возење и користење на машини**

Церебролизин не влијае на способноста за возење и ракување на машини.

## 3. КАКО ДА УПОТРЕБУВАТЕ ЦЕРЕБРОЛИЗИН

Овој лек ќе Ви биде даден од страна на медицински персонал. Вие нема самостојно да го користите лекот.

**Ако земате повеќе Церебролизин отколку што треба**

Малку е веројатно дека ќе примате поголема доза од лекот од потребната со оглед на фактот дека лекот го администрира медицинскиот персонал. Сепак, доколку дојде до предозирање на лекот ии доколку почувствувате понагласени несакани дејства при неговата примена веднаш треба да го известите Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и пред примена на сите лекови, така и при примена на Цербролизин може да дојде до појава на несакани дејства, иако не кај секого.

При примена на Церебролизин може да дојде до појава на следните несакани дејства

**Нарушување на имунолошкиот систем**

*Многу ретки (< 1/10.000 пациенти)*

Хиперсензитивни или алергиски реакции како чешање, локални инфламаторни реакции, главоболка, болки во вратот, болки во екстремитетите, болки во грбот, диспнеа, треска и состојби налик на шокова состојба.

**Метаболни нарушувања**

*Ретки ( > 1/10.000 - < 1/1000 пациенти)*

Агитарност, агресија, конфузија, инсомнија.

**Невролошки нарушувања**

*Ретки ( > 1/10.000 - < 1/1000 пациенти)*

Како последица на премногу брзо инјектирање на лекот можно е појава на вртоглавица.

*Многу ретки (< 1/10.000 пациенти)*

Појава на гранд мал епилептични напади и конвулзии.

**Кардиоваскуларни нарушувања**

*Многу ретки (< 1/10.000 пациенти)*

Диспепсија, дијареа, констипација, гадење и повраќање

**Нарушувања на кожата и поткожното ткиво**

*Ретки (> 1/10.000 - <1/1000 пациенти)*

Како последица на премногу брзо инјектирање на лекот можна е појава на чувство на топлина или потење и чешање.

**Нарушувања на местото на администрација на лекот**

*Многу ретки (< 1/10.000 пациенти)*

Реакции на местото на администрација на лекот, како еритем и чувство на жарење.

Во една студија биле забележани *многу ретки (<1/10.000 пациенти)* несакани дејства – хипервентилација, хипертензија, чувство на премор, апатија, поспаност, симптоми на настинка (на пр. студенило, кашлица, инфекции на респиратоторниот тракт).

Со оглед на тоа дека Церебролизин се користи и во третман на повозрасни лица, горенаведените несакани дејства се типични за оваа возрасна популација, истите можат да се забележат и без примената на овој лек.

**Доколку било кое несакано дејство поприми сериозен карактер или доколку забележите појава на несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме информирајте го Вашиот доктор или фармацевт.**

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЦЕРЕБРОЛИЗИН

Церебролизин мора да се чува на собна температура (не повисока од 25*C) заштитен од влијанието на светлината (во картонско пакување). Не смее да се замрзнува. Растворот од вијалите/ампулите треба да се извади непосредно пред употребата на лекот.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Церебролизин – раствор за инјектирање**

**Секоја ампула содржи**

*Активни состојки*

1 мл содржи 215.2мг Церебролизин концентрат во воден раствор

*Екципиенси* – Натриум хлорид, вода за инјекции.

**Носител на одобрението за ставање во промет**

"АД Д-р ПАНОВСКИ" Скопје, Р. Македонија

**Производител**

EVER Neuro Pharma Gmbh, Унтерах, Австрија

***Следната инфорација е наменета само за медицинскиот персонал**

Кога Церебролизин преку постојана венска линија, катетерот треба да се измие пред и по апликацијата со фзиолошки раствор на натриум хлорид. Количината во едно пакување е наменета за еднократна употреба. Треба да се користи само бистар и чист раствор.

**Инкопатибилност**

Церебролин е инкопатибилен со раствори кои ја менуваат pH (5.0 – 8.0) и со раствори кои содржат липиди.